Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), Хуманитарната организација Ел Хилал, Полио Плус – движење против хендикеп, Националниот совет на жените на Република Македонија (НСЖМ - СОЖМ), ХДЗР Месечина, Здружението на граѓани ОХО и Асоцијацијата за демократски алтернативи (АДИ) го изразуваат своето мислење за овој период на одлука за евроатлантската интеграција на Македонија со заедничкиот став: „И Македонија и евроатлантски интеграции“. Наместо дилемите „или – или“ потребно е да се фокусираме на постигнување на зачувување на името и покана за НАТО членство.

Поаѓајќи од принципите на меѓународното право, вклучително и правото на самоидентификација, поаѓајќи од Уставниот поредок на Република Македонија, уверени дека одговори на проблемите секогаш треба да се бараат низ отворен и траен дијалог, темелен врз полна меѓусебна почит и доверба, ние, претставниците на граѓанските организации, го изразуваме следното мислење:

## И МАКЕДОНИЈА И ЕВРОАТЛАНТСКИ ИНТЕГРАЦИИ

**Македонија интегрирана во евроатлантските структури**
Македонија и нејзините граѓани имаат постигнато согласност за потребата од членство во Европската Унија (ЕУ) и во НАТО. Македонија направи значаен напредок во реформите и на развивање на своите односи со ЕУ и со НАТО, а со крајна цел за придружување кон нив. Статусот на земја-кандидат е доказ за нашите постигнувања.

**Чекори за национален консензус и внатрешна кохезија - дијалог меѓу сите**
Во овој период на одлука за евроатлантската интеграција на Македонија, од претседателот на државата, од Владата, како и од Собранието, бараме да го задржат нивото на национален консензус и да водат процес на барање заедничко решение. Политичкиот дијалог, но и дијалогот меѓу сите граѓани на Македонија води во внатрешна кохезија  и е одговор и на меѓуетничките предизвици. Оттука ние сме посветени на понатамошно спроведување на Охридскиот рамковен договор.
Граѓанските организации се подготвени на активна поддршка на дијалогот и на градењето консензус.

**Македонија, право на самоидентификација, а не спор**
Грција го оспорува правото на Македонија слободно да го бира своето име, иако има повеќе земји во Европа, како Луксембург или Молдавија, чие име е идентично со дел од

територијата на соседна земја.
Правото на самоидентификација не може да биде спорно.

**Македонија и Грција – политика на сила или партнери за просперитет**
Македонија во името на добрососедството со Грција направи неколку значајни отстапки, како промена на националното знаме и усвојување уставни амандмани кои потврдуваат отсуство на територијални барања против соседни земји.
Единствената отстапка на Грција е приемот на Македонија во ООН.
Привремената спогодба од 1995 година доведе до значителен напредок на билатералните врски меѓу Македонија и Грција.
Барањето за понатамошни отстапки од Македонија, под уцена, не придонесува кон добрососедство и взаемно почитување на Македонија и на Грција.
Грција треба да направи чекор за декларирање на сопственото почитување на Македонија со изјава за прифаќање на етничкиот македонски идентитет во Македонија, на македонската култура и на македонскиот јазик.
И Македонија и Грција треба да изразат критичко растојание од историјата на античка Македонија, како универзална вредност.
Македонија треба да бара замена на привремената референца (ПЈРМ) во Обединетите нации, засновано на својот устав и без примена на тоа решение во односите со други земји.

**Взаемно почитување со сите соседи**
Македонија треба да продолжи со градењето добри односи со сите свои соседи.
Тоа може да биде реафирмирано со декларации за добрососедство.
Македонија треба и натаму да ги поддржува чекорите на ООН, на ЕУ и на НАТО во регионот, вклучувајќи го и планот на Ахтисари, пред се поради националните интереси и развој на добрососедството.

**Македонија заслужува покана за НАТО и треба да се фокусира на почеток на преговорите со ЕУ**
Македонија своето сојузништво го докажа со реформите и со поддршка на мисиите на НАТО, на ЕУ и на ООН.
Македонија ја заслужува поканата за членство во НАТО.
Македонија треба да продолжи со висока посветеност на почеток на преговорите и чекорите за членство во ЕУ.

Скопје, 26.03.2008 година

- Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС)
- Хуманитарна организација Ел Хилал
- Полио Плус – движење против хендикеп
- Национален совет на жените на Република Македонија (НСЖМ - СОЖМ)
- Хуманитарно и добротворно здружение на Ромите „Месечина“ - Гостивар
- Здружение на граѓани ОХО

- Асоцијација за демократски алтернативи (АДИ)